

МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 7

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА СЕДМО ОДДЕЛЕНИЕ

Верица Неделкоска

Биро за развој на образованието

# СОДРЖИНА

ТЕМА I

## ЈАС И ДРУГИТЕ

ЛЕКЦИЈА 1 – УЧЕЊЕТО Е СРЕЌА....4
ЛЕКЦИЈА 2 – МОИТЕ ОБВРСКИ....6
ЛЕКЦИЈА 3 – И РАДОСТ И ТАГА....8
ЛЕКЦИЈА 4 – ЈАС СУМ СРЕЌЕН / ЈАС СУМ ТАЖЕН....11

ТЕМА II

## УЧИЛИШТЕН ЖИВОТ

ЛЕКЦИЈА 5 – СЕПТЕМВРИ ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ....13
ЛЕКЦИЈА 6 - НА ГОЛЕМИОТ ОДМОР....16
ЛЕКЦИЈА 7 - ДРАМСКА СЕКЦИЈА....18
ЛЕКЦИЈА 8 – ЕСЕНТА ОД МОИТЕ ЦРТЕЖИ....21
ЛЕКЦИЈА 9 – ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ....23
ЛЕКЦИЈА 10 – АКТИВНОСТИ....27
ЛЕКЦИЈА 11 – РАБОТНО ВРЕМЕ....29
ЛЕКЦИЈА 12 – РАБОТНИ ОБВРСКИ ВО НАШЕТО СЕМЕЈСТВО....31
ЛЕКЦИЈА 13 – СЛОБОДНО ВРЕМЕ....33
ЛЕКЦИЈА 14 – ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ....34



TEMA III

## ПРИРОДАТА ОКОЛУ НАС


ЛЕКЦИЈА 15 – ПРИРОДАТА ОКОЛУ НАС ....39

ЛЕКЦИЈА 16 – ЧИТАМЕ / РАЗГОВАРАМЕ ....41

ЛЕКЦИЈА 17 – ЧИТАМЕ / РАЗГОВАРАМЕ ....43

ЛЕКЦИЈА 18 – ЗИМСКИ РАДОСТИ ....49

ЛЕКЦИЈА 19 – СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ ....52

ЛЕКЦИЈА 20 – НОВАТА ГОДИНА Е ЗА СИТЕ ....55

ЛЕКЦИЈА 21 – ПАЗАР ....58

ЛЕКЦИЈА 22 – ОБРОЦИ И ПРИБОР ЗА ЈАДЕЊЕ ....60

ЛЕКЦИЈА 23 – ОБРОЦИ ....64


TEMA IV

## ГРАД /СЕЛО


ЛЕКЦИЈА 24 ....67

ЛЕКЦИЈА 25 - МОЈОТ ГРАД ....69

ЛЕКЦИЈА 26 - НЕКОИ ОБЈЕКТИ И ИНСТИТУЦИИ ВО ГРАДОВИТЕ ....71


TEMA IV


ЛЕКЦИЈА 27 КУЛТУРА И ИСТОРИЈА, ЗНАМЕНИТОСТИ ....75

ЛЕКЦИЈА 28 - ПРИРОДНИ УБАВИНИ ....76

ЛЕКЦИЈА 26 - НЕКОИ ОБЈЕКТИ И ИНСТИТУЦИИ ВО ГРАДОВИТЕ ....71

ЛЕКЦИЈА 29 – ПАТУВАЊА И ЗАНИМЛИВОСТИ ....79

ЛЕКЦИЈА 30 – ЧЕТКИТЕ НА УЛИЧНИОТ ЧИСТАЧ НА ЧЕВЛИ ....23

ЛЕКЦИЈА 31 – ИСТАКНАТИ МАКЕДОНСКИ ПИСАТЕЛИ, МУЗИЧАРИ, УМЕТНИЦИ ....27

## ЧИТАМЕ И АКЦЕНТИРАМЕ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ



### УЧЕЊЕТО Е СРЕЌА

Арбен се врати од училиште. Беше среќен. Беше многу среќен. Доби петка по Германски јазик. Вчера доби петка и по Музичко образование. Првите петки во седмо одделение. Арбен си имаше замислено до крајот на првото **полугодие** да ги има сите петки. Сакаше да си покаже и на себеси и на другите дека не само што е **четирикратен** првак во џудо, туку дека тој е и одличен ученик и добар математичар. **Роденденот** му беше пред крајот на првото **полугодие.** За распустот ќе се запише на краток курс по **астрономија** и ќе знае дали сака тоа да му биде негова професија. Сите свои **повеќедневни** учења Арбен ги завршуваше со петка. Неговите родители беа среќни бидејќи тој учеше затоа што сака, а не **сосила.**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Како се чувствува Арбен? Зошто?
- По кои предмети добил петки?
- Што сака да постигне до крајот на првото полугодие?
- Со кој спорт се занимава?
- Дали е успешен?
- На кој курс ќе се запише на полугодие?
- Зошто се среќни родителите на Арбен?





## РЕЧНИК

**покажува, покажам, покажеш**
**курс, курсеви**
**одличен, одлична, одлично, одлични**
**џудо**
**сосила**

## ПРИМЕРИ

- Тој победи четири пати, значи,
  тој е четирикратен првак.
- Таа оди на курс по кинески јазик.
- Таа ми покажа дека знае математика.
- Џудото е познат спорт.
- Одличен е, за 5.

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се**

### Вежба

Активно слушање.

**Поделете се во парови!**
**Читајте по половина текст и потоа проверете кој подобро**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

- Нагласувањето на еден слог во зборот се вика акцентирање. Акцентот се бележи со (').
- Акцентот во македонскиот јазик е на третиот слог од крајот на зборот.
- Акцентот е на третиот слог од крајот на зборот кај трисложните и повеќесложните зборови.
- Ако зборовите се едносложни, акцентот е на единствениот слог, додека ако се двосложни, акцентот е на вториот слог од крајот на зборот.
- Сложените зборови се акцентираат како трисложните и повеќесложните зборови.

Овие правила најдобро се усвојуваат со правилно читање и зборување. Провери го ова со внимателно слушање на изговорот на зборовите!

## ОБВРСКИ И ЗАДОЛЖЕНИЈА

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ



### МОИТЕ ОБВРСКИ

Јас сум Јана. Седмо одделение сум. Учам во основното училиште „Братство“. Секое утро станувам во 6:30 часот. Во 7 часот тргнувам на училиште. Од училиште се враќам во 13 часот. Дома раскревам и го шетам Боно, нашето куче. Исто така, купувам леб и млеко и други работи според список.
Мајка ми станува во 6 часот. Се подготвува за на работа и во 6:40 часот заминува на работа.
Таа работи до 16 часот. Доаѓа дома во 17 часот. Тогаш заедно готвиме, јадеме, разговараме.
Секој ден во 20 часот мајка ми оди на јога, а јас одам на одбојка.
Доцна навечер се подготвуваме за наредниот ден.

### РЕЧНИК

**станува, станувам, станува**ш
**тргнува, тргнувам, тргнуваш**
**се враќа, се враќаш, се враќам**
**шета, шетам, шеташ**
**раскрева, раскревам, раскреваш**
**јаде, јадам, јадеш**
**разговара, разговарам, разговараш**
**се подготвува, се подготвувам, се подготвуваш,**
**јога- спорт**
**одбојка - спорт со топка, се игра во сала со мрежа**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кои вообичаени обврски ги има Јана?
- Во колку часот станува?
- Во колку часот оди на училиште?
- Кои обврски ги има Јана дома?
- Во колку часот доаѓа мајка ѝ од работа?
- Што прават Јана и мајка ѝ навечер?





**Споредуваме**

**Како на твојот мајчин јазик се кажува: Денот по утрото се познава?**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

- Во македонскиот јазик со сегашно време се искажуваат дејства кои се одвиваат во моментот на зборувањето.
- При употребата на сегашно време се користат глаголи од несвршен вид (јаде, пишува, се мие).
- Исто така, сегашно време се употребува кога се искажуваат дејства кои се повторуваат.

Пример: Одам на училиште секој ден.

### Вежба 1

Напиши свој пример за твоите обврски и задолженија во текот на еден работен ден!

**Пример:** Станувам .................... Во .................... часот .................... на училиште.

По часовите, дома ....................

Попладне .................... Навечер ....................

Си легнувам во ....................

### Вежба 2

Дополни ги примерите со соодветни форми од глаголите!

– Јас станувам во 6 часот, тие .................... во 9 часот. (станува)

– Таа секој ден раскрева, а тој не .................... по дома. (раскрева)

– Го .................... кучето два часа секое утро. (шета)

– .................... на интересни теми, најчесто навечер. (разговара)

– Тој .................... (јаде) секакви јадења, само не .................... (готви).

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ



## И РАДОСТ И ТАГА

Јана денес доцни на училиште. Арбен ја бара на телефон, но таа не се јавува. И Сара ѝ ѕвони, но Јана не се јавува. Што ли ѝ се случило?

Нејзините другари се загрижени. Јана никогаш не доцни. Не доцни на училиште и не доцни на тренинг.

Првиот час поминува бавно. И вториот час поминува бавно. Одеднаш, на големиот одмор доаѓа Јана. Раката ѝ е завиткана во некој завој.

Сара и Арбен одат кон неа. Јана се чувствува како цел училиштен двор да гледа во неа. Очите ѝ се полни со солзи. И сама не знае зошто.

– ЕЕЕј, Јанаааа! – ја гушкаат децата својата другарка. – Како си? Што се случува? Зошто доцниш?

– Колку многу прашања! – вели Јана. – Еве сум. Раката ми е повредена.

– Леле, сигурно те боли! – вели Сара и љупопитно ја допира.

– Оф, не допирај! – викна Јана.

– Не знаев, вели Сара.

– Убаво ми велат родителите, не вози ролери во темно, ама не, јас не слушам... Си возам јас на улица кај нас и одеднаш – блиска средба со велосипед. Добри сме и двете, и јас и велосипедистката. Среќа. Сега, само сме повредени, јас во зглобов зашто ми се свитка раката, а таа на коленото.

– Сепак, двете сте добро! Ајде, ќе помине! – вели Арбен.

– Да, се надевам, – вели Јана.

Децата одат на час. Во загриженоста – малку тага, но и радост.

## РЕЧНИК

**доцни, доцнам, доцниш**

**ѕвони, ѕвонам, ѕвониш**

**тргна, тргнав, тргна**

**допира, допирам, допираш**

**завиткан, завиткана, завиткано, завиткани**

**гушка, гушкам, гушкаш**

**гушкање**

**велосипедист, велосипедистка**

## ПРИМЕРИ

– Тој доцни, не дојде навреме.
– Ѕвони ѕвончето на училиште.
– Завиткана со ќебе. Завиткана со завој. Или: Завиткана со убави зборови.

---

– Тргнаа, појдоа некаде.
– Тој што вози велосипед е велосипедист. Таа што вози велосипед е велосипедистка.
– Се гушкаме, се прегрнуваме кога ќе се сретнеме.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто се загрижени Сара и Арбен?
- Каква е вообичаено Јана? Дали доцни?
- Како се чувствува Јана кога ќе дојде во училишниот двор?
- Кој ја пречекува?
- Што се случи со Јана?
- Како се чувствува таа на крајот на текстот?

### Вежба 1

– Кои реченици ги кажуваш на твојот мајчин јазик кога си тажен/тажна?

– Кои реченици ги кажуваш кога си радосен/радосна?

Сега, со помош на наставникот, кажи го тоа на македонски јазик!

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Поделба на гласовите во македонскиот гласовен систем (самогласки и согласки); самогласно р**

- Доколку во кој било збор ги изговориме гласовите секој посебно, ќе видиме дека различно се изговараат. Ако пак се обидеме да ги изговориме зборовите без гласовите а, е, и, о, у, ќе видиме дека тоа би било прилично тешко. Гласовите се изговараат различно, а со нивните поврзувања се формираат зборовите. Гласовите се делат на самогласки и согласки.
- Самогласките се изговараат без пречки, широко, со слободно поминување на воздушната струја во усната шуплина. Во македонскиот јазик самогласки се: а, е, и, о, у.
- Самогласките имаат слоготворна функција. Тие ги оформуваат слоговите.
- Освен самогласките, во македонскиот јазик и гласот р може да има слоготворна функција.

На пример: прст, прв...

## Вежба

Подвлечи ги сите зборови во текстот во кои го има гласот Р. Изговори ги посебно. Провери каде се наоѓа гласот Р во зборовите и кажи го нивното значење!

## Вежба

**Гласот Р на различни места во зборот**

Една река што се вика Радика, Раде ја посетува и лови риби. Ја обожува реката и посакува да може по неа со брод да се плови. – Раде е смешен, – си мисли брат му Марко. Навистина е мало детиште.

Марко си разгледува стрип додека брат му е во риболовен филм.

Одеднаш Марко го крева погледот и гледа во водата на брегот. Забележува ’рт, иако Радика е река, а не е море. ’Ртот се вика Рибина Коска, во знак на орелот што се гостел со риби и оставил само коски на ова место. Сепак, тоа е приказна, а на Марко му се оди дома. Кога влегува во викендицата ја гледа мајка му Роска како се радува на една чаша со растение: – Сине види, ’ркулци има од целото коренче,





# ЈАС СУМ СРЕЌЕН/ ЈАС СУМ ТАЖЕН

**Задача**

Замислете си три ситуации кога сте среќни! Запишете ги на линиите! Пример: Среќен/среќна сум кога ќе добијам книга за подарок.

Среќен/среќна сум кога

.....................................................

.....................................................

.....................................................

.....................................................

.....................................................

Замислете си три ситуации кога сте тажни! Запишете ги на линиите! Пример: Тажен/тажна сум кога ми ветуваат дека ќе ме однесат на базен, а сепак не ме носат.

Тажен/тажна сум кога:

.....................................................

.....................................................

.....................................................

.....................................................

.....................................................

## ЈАС СУМ СРЕЌНА



„Мамооооооо!"– влегува Јана дома.

„Здраво, Јана!" – вели мајка ѝ.

„Мамо – вели Јана и го држи мобилниот телефон на увото – сега зборувам со баба и таа вели дека има билети за балетот „Лебедово езеро". Јупи! Навистина сум среќна! Балетот е в недела во 19 часот во МНТ."

„Прекрасно!" – вели мајката. „Која е сега мојата задача?"

„Нашата задача е да сме расположени и подготвени навреме во недела!" – вели Јана. Се поздравува со баба ѝ и оди да најде соодветно фустанче за в недела.

## ТАГА

Арбен влегува во станот и си пее. Го остава ранецот, мие раце и оди во дневната соба. Ја зема храната и сака да стави во кафезот на папагалот Пипо. Но, вратичката е отворена, а Пипо го нема. Арбен го превртува целиот стан. Го нема Пипо. Забележува дека прозорецот во дневната е отворен. Седнува на креветот и плаче. Пипо замина на недозволена прошетка.

„Оф, Пипо, навистина ми е жал, многу ми е жал!“ – повторува Арбен.



### РЕЧНИК

**превртува, превртувам, превртуваш**

**забележува, забележувам, забележуваш**

**расположен, расположена, расположено, расположени**

**мобилен телефон, мобилни телефони**

**билет, билети**

**балет**

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Среќата е храна за душата?**





УЧИЛИШТЕН ЖИВОТ

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## СЕПТЕМВРИ ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ

Летото полека си оди. Сонцето не грее толку силно, времето е посвежо и попријатно. Септември е последниот месец од летото и првиот месец од есента. Училиштата се најубави во септември. Многу деца со насмевки на лицата, првачиња фатени за рака со родителите, шарени ранци со нови тетратки, учебници, моливи во разни бои, варосани училници, нови другарства...

„Добре дојдовте, првачиња!“

„Среќен почеток, драги ученици!“

Ѕидовите од ходниците се украсени со убави пораки. На вратата на секоја училница е залепен распоред на часовите за новата учебна година.

„Многу го сакам септември“, – си помислува Јана и влегува во училницата на VII-2 одделение. Се упатува кон втората клупа од средната редица каде што седат со Селма.  Но, изненадување! На местото на Селма седи нова ученичка...



## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој е последниот месец од летото и првиот месец од есента?
- Какво е времето во септември?
- Зошто училиштата се најубави во септември?
- Со што се украсени ѕидовите од ходниците?
- Што е залепено на вратите од училниците?
- Во кое одделение учи Јана?
- Каде и со кого седи таа?
- Кој седи на местото на Селма?

## РЕЧНИК

**упатува, упатувам, упатуваш**
**се упатува, се упатувам**
**порака, пораки**
**распоред, распореди**
**распоред на часови**
**учебна/учебни**
**варосан, варосана, варосано, варосани**
**изненадување**

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик ќе кажеш: Со среќа новата учебна година?**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Именките во македонскиот јазик имаат:

- **Род:** машки, женски и среден.
- **Број:** еднина и множина.
- **Определеност (член):** членувани и нечленувани именки.

Родот кај именките се определува според завршетокот на именката.

| машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|
| Завршуваат на **согласка:** стол, молив, ученик, ден<br>**-а** (лица): судија, арамија<br>**-о, -е, -и** (лични имиња и роднински врски): татко, вујко, дедо; Јане, Марко, Томи, Никола | **-а:** маса, ученичка, порака<br>**согласка:** радост, младост, љубов, пролет, есен, крв, сол, пот, ноќ, вечер<br>**- е, -и** (лични имиња): Наде, Бети | **-о:** село, огледало, езеро, око, уво, грло, стапало, лето, решо, биро, утро<br>**-е:** бебе, дете, момче, прваче, лице, море, одделение<br>**-и:** такси, киви, жири, мени |

**тој/еден** стол, ученик... **таа/една** маса, ученичка... **тоа/едно** дете, бебе...





## Вежба

Именките што следуваат распоредете ги во табела според тоа на кој род му припаѓаат! Потоа, секоја од нив употребете ја во реченица!

Година, месец, ден, час, јануари, среда, јазик, ученичка, одделение, клупа, ѕид, табла, Сонце, утро, вечер.

Пример: година – женски род.
Сестра ми има една **година**.

| машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|
| | | |

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## НА ГОЛЕМИОТ ОДМОР

Вторник, 9:10 часот. Се слуша училишното ѕвонче. Време е за големиот одмор. Низ ходниците се слуша детски џагор и смеа. Учениците брзаат кон училишниот двор држејќи во рацете сендвичи, шишиња со вода или сок, кутии за ужинка.

Јана и новата ученичка, Берна, седат на една клупа и разговараат со две девојчиња. Сара ја прашува Берна:

– Каде живееш, Берна? Блиску до училиштето?

– Да, на само пет минути одовде. Ги гледаш ли оние високи дрвја? А зградине зад нив?

– Да. Во која зграда живееш?

– Во онаа со шест ката. А ти?

– Јас живеам далеку. Доаѓам со автобус.

– Денеска имам две јаболка. Кој сака едно? – вели Атиџе.

– Еве јас, – се јавува Јана. – Јас, пак, имам два сока. Кој сака сок?

– Никогаш не велам НЕ за сок, – се шегува Берна.

Звукот на училишното ѕвонче го прекинува разговорот. Учениците повторно брзаат, овојпат кон своите училници.

# РАЗГОВАРАМЕ

1. Во колку часот почнува големиот одмор?
2. Што се слуша низ ходниците?
3. Со кого разговараат Јана и Берна?
4. Каде живее Берна? Блиску или далеку од училиштето?
5. Како оди на училиште Сара?
6. Дали Берна сака сок?

**Споредуваме**

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Нови познанства - можност за нови другарства?**





## РЕЧНИК

**прекинува, прекинувам, прекинуваш**
**се шегува, се шегувам, се шегуваш**
**училиштен , училишна, училишно, училишни**
**голем, голема, големо, големи**
**одмор, одмори (пауза, паузи)**
**џагор, врева**
**звук, звуци**
**разговор, разговори**
**ужинка, ужинки**
**далеку: блиску**
**повторно**
**овојпат**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Именките во македонскиот јазик разликуваат два броја: **еднина и множина.**

Пример: (една) **наставничка** – (многу) **наставнички.**

а) **Обична** множина: сокови, денови; ученици, компјутери; прсти, коњи, мажи;

маси, години, ученички, клупи, другарки;

јаболка, села, пенкала; пилиња.

б) **Избројана** множина (машки род): (два) сока, (осум) дена, (пет) броја;

многу денови – два дена.

в) **Збирна** множина: лисје, дрвја, ридје.

### Вежба

Пронајди ги именките во текстот „На големиот одмор“ и определи ги нивниот род и број! Именките што се во еднина стави ги во множина и обратно! Потоа, направи нови реченици со нив!

Пример: вторник – машки род,

### Вежба

**Работа во парови.** Секој ученик пишува по пет именки во еднина. Потоа, наизменично кажуваат по една именка, а другиот ученик ја

### Вежба

**Пополни со правилната множинска форма!**

а) Во училницата има многу .................................... (столи, столови, стола).

б) Во канцеларијата има два .................................... (столи, столови, стола).

в) Во еден месец има 30 .................................... (денови, дена, дени).

г) Секогаш носиме .................................... (шиши, шишиња, шиша) за вода.

д) Дедо ми има 71.................................... (година, години).

ѓ) Колку .................................... (часи, часови, часа) имате денеска?

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ДРАМСКА СЕКЦИЈА

Во 13:00 часот завршува седмиот час. Учениците полека си заминуваат дома.

Ердал им се приближува на Јана и на Берна и почнува разговор.

– Што имавте на последниот час?
– Музичко образование. Денеска имаме седум часа. А вие?
– И ние, но по часовите имаме проба со драмската секција. Секоја година подготвуваме претстава за патрониот празник на училиштето. За оваа година ја планираме „Чорбаџи Теодос“... Берна, сакаш да дојдеш и ти? Примаме нови членови.
– Ти благодарам за поканата. Многу ме интересира театарот, но во претходното училиште немаше драмска секција, само рецитаторска и новинарска.
– Во кое училиште учеше?
– Во „Блаже Конески“.
– Не го знам. Каде се наоѓа?
– Блиску до Домот на културата и до Зоолошката градина.
– Мислам дека знам каде е... Значи, доаѓаш на пробата денеска?
– Веројатно. Колку минути трае?
– Шеесет.
– Ми одговара. Потоа сум на курс по англиски јазик. Имам два часа неделно, во вторник и во четврток.
– Да побрзаме!







## РАЗГОВАРАМЕ

1. Во која секција членува Ердал?
2. Дали Берна го сака театарот?
3. Кои секции ги има во претходното училиште?
4. Кој странски јазик го изучува таа?
5. Колку често оди на курс?
6. Кои секции ги има во твоето училиште? Дали членуваш во некоја од нив?

## РЕЧНИК

**се приближува, се приближувам, се приближуваш**
**одговара, одговарам, одговараш**
**ми одговара**
**брза, брзам, брзаш**
**да побрза, да побрзам, да побрзаш**
**проба, проби (тренинг)**
**секција, секции**
**член, членови**
**покана, покани**
**претходно**
**неделно**
**веројатно**

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се**

### Вежба

**Работа во групи.** Учениците се поделени во групи и секоја група треба да напише различни работи: 1) пет географски имиња (со еден и два збора во името) на континенти, држави, градови, океани, езера, реки, планини; 2) пет имиња на ученици во класот; 3) пет презимиња на наставници кои им предаваат; 4) пет прекари; 5) пет имиња на планети и галаксии; 6) пет наслови на омилени книги; 7) пет наставни предмети; 8) три називи на институции кои имаат повеќе зборови во називот. Групите ги запишуваат одговорите на табла и заеднички се дискутира за точноста на напишаното. Во дискусија се заклучува кога се користи голема буква при пишување на сопствените именки, особено кога имињата се составени од два збора. Потоа, заклучоците се запишуваат во вид

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Употреба на голема почетна буква**

1. Со голема почетна буква ги пишуваме сите сопствени имиња, презимиња, прекари:

   Амина, Ердал, Иво Стојановски, Рацин...

2. Националности:

   Македонец, Албанци, Турчин, Србинка, Влав...

3. Празници:

   Велигден, Рамазан Бајрам, Нова година.

**Кај сложените имиња:**

а) <u>Само првиот збор</u> се пишува со голема почетна буква кај:

– институциите, улиците, кејовите, плоштадите, објектите, организациите, фестивалите, имињата на книгите, уметничките творби, весниците, списанијата, законите, називите на востанијата, војните, битките, спортските натпреварувања, училишните предмети.

Пример: Дом на културата, Зоолошка градина, Партизански одреди, Златно славејче, Наш свет, Втора светска војна, Природни науки.

б) <u>Секој збор</u> се пишува со голема почетна буква кај географските имиња.

Пример: Охридско Езеро, Шар Планина, Соединети Американски Држави, Ново Село.





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ЕСЕНТА ОД МОИТЕ ЦРТЕЖИ

Есента ја гледаме насекаде. Во боите и во миризбите на овошките, во жолтите лисја на дрвјата, во дождот и ветрот... Градините и пазарите се богати со зрели **јаболка**, **круши**, **грозје**, **сливи**, **смокви**, **тиква**, **мушмули**. Дворовите и домовите мирисаат на ајвар и на мармалад. Прекрасна есенска слика! Вистинско уживање! Да, уживам во есента, но во вистинската есен, а не во есента од моите цртежи.

На часот по Ликовно образование сликаме есенски пејзаж. Добар сум во цртање. Неколку криви, па 2 – 3 прави линии, малку сенчење и ете го Да Винчи. Но, сега доаѓаат на ред боите, и тоа водени, техника акварел. А тоа не е мојот омилен дел од сликањето. Многу се трудам, силно се концентрирам, вложувам напор и пак... **крушите** наликуваат на смокви, **јаболката** се како црвени краставици, **грозјето** како скршени џамлии. Единствено **тиквата** личи на тиква бидејќи од неа се исплашија сите девојчиња од одделението.

Сепак, не се предавам. Можеби не сум како Да Винчи, но барем моите цртежи се популарни и предизвикуваат насмевки кај луѓето. А јас сум среќен кога и другите се среќни.

Милош

## РЕЧНИК

**ужива, уживам, уживаш**

**уживање**

**концентрира, концентрирам, концентрираш**

**вложува, вложувам, вложуваш**

**вложува напор**

**наликува, наликувам, наликуваш**

**личи, личам, личиш на...**

**предава, предавам, предаваш**

**се предавам**

**предизвикува, предизвикувам, предизвикуваш**

**се труди, се трудам, се трудиш**

**акварел, акварели**

**крив, крива, криво, криви**

**прав, права, право, прави**

**џамлија, џамлии**

## РАЗГОВАРАМЕ

1. Какви се градините во есен?
2. На што мирисаат домовите?
3. Дали Милош ужива во есента?
4. Кој дел од сликањето не му е омилен на Милош?
5. Какви се цртежите на Милош? Дали им се допаѓаат на другите?

## Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Есента носи најубави плодови?**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Дали воочивте дека именките понекогаш ги имаат наставките: -от, -та, -то, -те/-та? Што мислите, која е разликата во значењето на** *круши и крушите, тиква и тиквата итн.?*

– Гледаме **филм. (Не знаеме кој.) Го гледаме филмот „Ајронмен“. (Точно определен.)**

– На масата има **тетратка. Тетратката е на Марија.**

– Тој црта **јаболко. Јаболкото е црвено.**

– Таа чита **книга. Книгата е интересна.**

Доколку на општата именка ѝ се додаде членска наставка, за неа се вели дека е определена или членувана.

## Вежба

Учениците влечат картички со именки. Едниот ученик треба да извлече картичка и да му ја прочита именката на другиот. Тој потоа треба да ја членува и да ја запише во тетратката, а потоа и да ги определи родот и бројот. Потоа, учениците си ги заменуваат своите улоги. Неколку пара ученици ги запишуваат одговорите на таблата образложувајќи ги граматичките категории кај именките.

## Вежба

Пронајдете ги именките во текстот „Есента во моите цртежи“ и определете го нивниот род, број и дали се членувани или не! Работете во парови!

Пример: есента – членувана, женски род, еднина; цртежи – нечленувана, машки род, множина.





# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Сонцето полека се искачува на светлосиното небо. Утрото најавува убав ден.

Автобусот со ученици се приближува кон целта. Големиот парк во Сарај ги чека возбудените ученици. Денеска тие имаат еднодневен пролетен излет.

– Која е **рекава** што ја гледаме? – прашува наставникот по Географија.

– Вардар! – брзо одговараат некои ученици.

– Вардар тече онаму, зад **дрвјана**. А **рекава** се вика Треска. Таа се влева во Вардар. Знаете ли некои други притоки на Вардар?

– Црна Река, Брегалница, Пена...

Наставникот е задоволен од одговорите.

– На следниот час ќе играме „Брза географија“ – вели.

........................................................................

Агрон држи топка во рацете и ги прашува другарите:

– Чија е **топкава**? Ајде да играме фудбал!

– Наша! Ене ги Милош и Ердал. Седат на **клупана** покрај **рекана**. Да ги викнеме! – предлага Јана.

– Сакам да играм „Брза географија“, но повеќе сакам фудбал, – се смее Агрон.

Додека сонцето се движи кон запад, на исток се враќа автобусот полн со насмеани лица и среќни очиња.

## РАЗГОВАРАМЕ

1. Каде се одржува еднодневниот пролетен излет?
2. Каде се наоѓа Сарај?
3. Кои реки течат во близина на Сарај?
4. Кои притоки на Вардар ги знаеш?
5. Што сака да игра Агрон?

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик може да ја кажеш пораката од текстот: Од излетите носиме убави спомени?**

## РЕЧНИК

**Се искачува, се искачувам, се искачуваш**

**најавува, најавувам, најавуваш**

**се движи, се движам, се движиш**

**се смее, се смеам, се смееш**

**возбуден, возбудена, возбудено, возбудени**

**задоволен, задоволна, задоволно, задоволни**

**насмеан, насмеана, насмеано, насмеани**

**еднодневен, еднодневна**

**река, реки**

**притока, притоки**






# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Просторно определување со членот**

Во што се разликуваат формите на именката „куќа“ (куќа**ва** – куќа**на**) на првата и на втората илустрација? Што се означува со нив?

река – рекава – рекана – реката

топка – топкава – топкана – топката

дрвја - дрвјава - дрвјана - дрвјата

клупа – клупава – клупана – клупата

Членот го употребуваме и со **просторно значење:**

1. Членот: **-ов, -ва, -во; -ве** – за предмети кои се **блиску до лицето кое зборува**.

На пример: Седни на столов. (Столот е во близина на лицето кое зборува.)

2. Членот: **-он, -на, -но; -не** – за предмети кои се **оддалечени од двајцата соговорници, но тие сепак можат да ги видат**.

На пример: Детено се вика Филип. (Детето е оддалечено и од двајцата соговорници.)

## Вежба

Образувај множински и членувани форми од именките кои следуваат! Следи го примерот!

**Стол**

столот, столов, столон; столови, столовите.

**Клупа**

..................................................

..................................................

**Пенкало**

..................................................

..................................................

**Ден**

..................................................

..................................................

**Година**

..................................................

..................................................

**Око**

..................................................

..................................................

**Дете**

..................................................

..................................................

## Вежба

Напиши ја членуваната форма на именката под секоја слика! Внимавај на тоа каде се наоѓаат предметите!

а)



..........................................................

б)



..........................................................

в)



..........................................................

г)



..........................................................

## Вежба

Напиши ги правилно следниве имиња: ангел димитровски, наим фрашери, шар планина, црна река, нови сад, илинденско востание, агенција за вработување, „големи и мали“!

..........................................................

..........................................................

..........................................................

..........................................................

..........................................................

..........................................................

..........................................................





# АКТИВНОСТИ

1. **„Брза географија“/биологија.** Учениците се натпреваруваат кој најбрзо ќе ги пополни сите полиња од еден ред. Наизменично, учениците кажуваат на која буква треба да започнуваат сите именки од тој ред. Следете го примерот!

| **држава** | **град** | **село** | **планина** | **река** | **животно** | **растение** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Англија | Анкара | Ајватовци | Арарат | Амазон | антилопа | алга |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

2. **Моите омилени книги/песни/филмови/пејачи/пејачки/музички групи.** (Се игра исто како „Брза географија“.)

| **книги** | **песни** | **филмови** | **пејачи** | **пејачки** | **музички групи** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

3. **Напиши го распоредот на часовите на твојата паралелка!** Внимавај како правилно се пишуваат имињата на предметите и на деновите во неделата!

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |

3. Изработете постер/покана за театарската претстава за патрониот празник на вашето училиште!

4. Направи попис на сите предмети што ги има во твојот училиштен ранец! Внимавај на формите за множина!

Пример: три тетратки, две гуми за бришење...





**Работно време**

# ЧИТАМЕ

**Часовник**
Тика-така, тика-така...
Јас си чукам везден вака.

Секој мене штом ме праша,
било кога да е,
јас без грешка, точно време
му кажувам за да знае.

Ако сакаш учениче
рано в зори да си буден,
тогаш песна јас ти пеам,
на глас тенок, на глас чуден.

А и тоа ти го кажувам,
колку часа ти си читал,
но и колку без работа
на улица си скитал.
Тика-така, тика-така...
Јас си чукам везден вака.

Боро Ситниковски



## Задача

Читајте ја песната на глас, обидете се да акцентирате правилно!

## РАЗГОВАРАМЕ

Пронајди ги стиховите за следните прашања:

Што вели часовникот во првата строфа, што кажува тој?

Ако ученикот сака да е буден, што ќе направи часовникот?

Што точно покажува часовникот во третата строфа?

## РЕЧНИК

**време, времиња**
**точно, навреме**
**часовник, часовници**
**план, планови**
**планирање**
**активност, активности**

## ПРИМЕРИ

**Точно време, според часовникот; часовник е направа која покажува време во часови и минути; план е распоред за нешто; планирање, најчесто активности, задачи од денот.**

## Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: точно навреме?**

## Задача

Разговарајте колку и зошто е важно да го планираме времето!

Нека ви помогнат следните прашања:

Дали во точно и определено време треба да одиме и да стигнеме на работа, на училиште?

Дали во точно време имаме тренинг? Во точно време стигнува автобусот за да одиме некаде. Нечија прослава за роденден е, исто така, во одредено време. Дали можеме да стигнеме на сите овие активности без да гледаме на часовник? Што можеме да заклучиме, дали е важно да го планираме времето? Зошто?

## Задача

Секој нека запише неколку активности што ги планира за овој ден! Прочитајте пред сите!

Пример:

Во 7:30 – училиште.

Во 14 часот – курс по англиски јазик.

Во 17 часот – ручек кај баба.

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................



**Работни обврски во нашето семејство**

Здраво, јас сум Али! Ќе ви кажам за работните обврски во моето семејство!

Во семејството сите имаат различни професии.

Мама е докторка, работи од 7:30 до 15:30 часот, секој работен ден.

Работи и во **првата** сабота во месецот, дежурна е.

Тато е наставник по физика. Тој работи од 7:30 часот до 13 часот. Секоја **втора** среда во месецот има приемен ден за родители.

Сестра ми е студентка, но работи во бутик, секој работен ден од 16 до 21 часот.

Нашето семејство се организира според работното време на сите членови.

Јас сум мал и не одам на работа. Мојата работа е да учам. Имаш ли ти твоја задача дома бидејќи не одиш на работа?

## РЕЧНИК

**доктор, докторка, доктори**

**наставник, наставничка, наставници**

**бутик, бутици**

**студент, студентка, студенти**

**приемен ден, приемни денови**

**приемен испит, прием на гости**

**свечен прием**

**дежурен, дежурна, дежурни**

**Пример: приемен ден, ден кога примаме некој, гости; дежурна докторка, дежурна аптека (работи кога другите не работат).**

## РАЗГОВАРАМЕ

– Што работи мајката на Али? Во кој дел од денот е на работа?

– Што работи таткото на Али? Во кој дел од денот е на работа?

– Што работи сестра му на Али? Во кој дел од денот работи таа?

– Во последната реченица Али те праша дали имаш твои

задачи бидејќи не одиш на работа, имаш ли?

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: професија од соништата?**

## РАЗГОВАРАМЕ

**– Со што се занимаваат членовите од твоето семејство?**

**– Каде работат?**

**– Напиши го нивното работно време!**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Бројни и заменски присвојни придавки**

Што мислиш, што значат зборовите што се потемнети:

**првата** сабота, **втора** среда во месецот?

Овие зборови покажуваат редност, умноженост, бројност. Бројните придавки се образуваат од броеви.

**Мое** семејство, **моја** работа, **наша** куќа, **нивна** работа.

Потемнетите зборови се заменски присвојни придавки. Со нив се искажува присвојност, чие е нештото, но личат на заменки затоа што потекнуваат од нив.

**Примери**

- **Вториот** ден од неделата вежбам јога, а **четвртиот** вежбам одбојка.
- **Стоти** е на таа листа, но и тоа е добро.

## Задача 1

Истражувај за професиите со кои се занимаваат луѓето кај нас!

На пример: фризер, продавач, електричар, програмер, доктор, медицинска сестра, наставник, банкар, ѕидар, плочкар, механичар.

## Вежба

Пополни ги речениците со следниве зборови: мојот, мојата, моето, неговиот, нејзиниот, нејзиното, нејзините, неговите!

1. .................................... име е Јана.

2. .................................... татко е наставник по физика.

3. .................................... сестра се вика Маја, а .................................... брат се вика Петар.

4. .................................... другарки се најдобри.

5. Запознав една девојка, .................................... име е Берта.

6. Али работи во агенција, а .................................... брат работи во банка.

7. .................................... другари се вредни луѓе.



**Слободно време**

## ЧИТАМЕ

### Од хоби до професија

Ова е мојот братучед Блерим. Тој е многу успешен фудбалер. Во нашето семејство тој е пример за успешен млад човек.

Неговото хоби – фудбалот, со многу тренинг му стана професија и тој сега игра за еден важен европски клуб.

## РАЗГОВАРАМЕ

За кого се зборува во текстот „Од хоби до професија“?

Со што се занимава Блерим?

Кое хоби станува негова професија? Како?

Што работи Блерим сега?

### Вежба

Одговори на прашањата во тетратка и прочитај ги одговорите пред соучениците!

– Дали имаш слободно време?

– Како го користиш?

– Имаш ли хоби?

– Кое е твоето хоби?

– Колкупати неделно имаш време да го правиш тоа?



### Задача

Седнете во круг! Сите предлози за тоа што може да биде ваше хоби запишете ги на ливче! Може да ги користите следниве предлози:

- Учам странски јазик!
- Се занимавам со астрономија!
- Одам на курс по танцување!
- Сликам на платно!
- Читам!
- Готвам!
- Фотографирам!
- Изработувам накит!

Направете дискусија кој кое предлог-хоби може да го почне и зошто го прифаќа.



**Од секојдневниот живот**

Арбен, Ердал, Амина, Милош и јас, Јана, сме пријатели од мојата улица. Нашето пријателство јас би го опишала вака: искрено, топло, мило. Арбен вели: вредно, а Ердал: скапоцено. Амина вели цврсто, Милош вели љубезно.

Какво е пријателството кое го имаш ти во твоето одделение или во твоето соседство?

## РАЗГОВАРАМЕ

Издвој ги сите зборови со кои овие пријатели го објаснуваат и го нарекуваат своето пријателство! Претстави ги! Потоа, употреби ги издвоените зборови во твои реченици – примери опишувајќи нешто.

Пријателството на Арбен, Ердал, Амина, Милош и Јана е: ..............................

..............................

..............................

### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Најубавите и најикрени пријателства се во детството?**

### Задача

Напиши краток состав на тема „Моето пријателство е...“!

При пишувањето, напиши кој е твој пријател и употреби неколку придавки за пријателот и неколку придавки за тоа какво е вашето пријателство!

## Вежба

Поврзи ги левата и десната колона за да биде точно!

| | |
|---|---|
| Тато | е тешка. |
| Ана | е добар. |
| Арбен | е висока. |
| Момчето | е умна. |
| Торбата | е добра. |
| Сара | е мило. |
| Мама | е строг. |
| Јана | е тивок. |
| Блерим | е вредна. |

## Вежба

Дополни ги речениците кои следуваат користејќи ги придавките од заградите (убав, добар, љубезен, благ, низок, висок, вреден, слаб, умен) во соодветен род!

Петар е ..........

Соња е .......... девојка.

Наставникот е ..........

Мојот брат е .......... момче, а татко ми е .......... човек.

Баба е ..........

Дедо работи цел ден, тој е ..........

Ари е .......... другар.

Продавачката е ..........

## Вежба

Пронајдете ги зборовите кои се придавки! Потсетуваме, тие стојат до именките и именуваат некоја карактеристика на предметите, суштествата и појавите.

**Чинар**

Двајца патници кои одеа под силното, попладневно сонце седнаа под сенката на едно големо и старо дрво за да одморат. Гледајќи ги лисјата што им пружаа прибежиште од сонцето и топлото, дојдоа до заклучок дека дрвото е всушност чинар.
„Колку е бескорисен чинарот како дрво!“, рече наеднаш едниот од нив. „Не раѓа плод и згора на тоа само стои и прави ѓубре со лисјата.“
„Неблагодарни суштества!“, се зачу глас од чинарот. „Лежите тука, под мојата студена сенка, а велите дека сум бескорисен! Леле Јупитер, колку неблагодарно ги примаат најубавите благослови луѓето!“

Езоп

(Преземено од: https://krajbrezje.mk/2022/07/14/ezop-za-deca-chinarot-pouchna-prikazna/ на 25.8.2024)

**Разговори**

„Чија е јакнава во ходникот? Чии се чевлите пред вратата? Чија е книгата на масата? – оди мама низ куќата и постојано прашува.

„Мамо, прашањата ти се здодевни! Прашај: Чии желби се најголеми? Чија петка по Математика е најголема во одделението? Чиј гол е најуспешен во натпреваров што го гледам?

Мама не слуша и прашува и понатаму: „Кој сака да фрли ѓубре? Кој сака да оди по леб? Кој е подготвен за готвење со мене?“

„Мамо, навистина не си фер“.

„Фер или не, обврските се тука. Благодарам за соработката!“ – се насмевнува мама и продолжува со прашањата: „Што сакате за ручек? Што има на телевизија сега?“

## Вежба

Пополни ги речениците со кој, која, кое, што!

1 ........................ си игра со топката?

2 ........................ е женава на улица?

3 ........................ донесе ти?

4 ........................ сака Јана за појадок?

5 ........................ село е ова на картата?

6 ........................ прочита лектира?

7 ........................ задача е полесна?

## РАЗГОВАРАМЕ

- Какви прашања поставува мајката дома?
- Што сака да ги натера членовите од семејството дома?
- Што вели детето за тоа?
- Што мислиш, дали успева мајката да ги натера дома да направат нешто?
- Подвлечи ги лично-предметните заменки во текстот „Разговори“

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Лично-предметни заменки во македонскиот јазик се: кој, која, кое, кои, што и чиј, чија, чие, чии.**



ТЕМА 3

# ПРИРОДАТА ОКОЛУ НАС

## ПРИРОДАТА ОКОЛУ НАС

Целото друштво: Јана, Берна, Арбен, Ердал, Милош, Амина одат на прошетка во природа. Тргнуваат по долга патека, која почнува од градот кон широките ливади надолу по реката.

Доцна есен е. Дрвјата се суви и голи. Нема лисја на нив.

Патеката е полна со суви лисја од дрвјата покрај патот.
Нема веќе шарени цвеќиња.

Сонцето грее малку. Небото е чисто и ведро. Нема облаци.
Птиците не пеат.

Природата е смирена и тивка.

### РАЗГОВАРАМЕ

- Кој тргна на прошетка?
- Каде одат на прошетка?
- Во кое годишно време се случува текстот?
- Пронајди ги описите на природата и препиши ги тие реченици подолу!

### РЕЧНИК

тргнува, тргнувам, тргнуваш
почнува, почнувам, почнуваш
грее, греам, грееш
град, градови
патека, патеки
лист, листови, лисја
ливада, ливади

долг, долга, долго, долги
широк, широка, широко, широки
шарен, шарена, шарено, шарени
сув, сува, суво, суви
чист, чиста, чисто, чисти
смирен, смирена, смирено, смирени
тивок, тивка, тивко, тивки

## ПРИМЕРИ

- Тргна на пат.
- Широка е вратата. Широко му е срцето, сите ги сака.
- Суви раце, слаби раце имаш.
- Шарен свет, богат свет има таа во себе.

## Споредуваме

Кажи како се вели на твојот мајчин јазик:

**Природата е секогаш убава!**

## Вежба 1

Дополни за да биде точно!

1. Тргнуваат по ............................................ патека која почнува од градот кон ............................................ ливади надолу по реката.
2. Дрвјата се ............................................ и ............................................
3. Нема веќе ............................................ цвеќиња.
4. Смирена и тивка е ............................................ .

## Глаголот **НЕМА** во сегашно време

| | |
|---|---|
| **1л.** јас немам | **1л.** ние немаме |
| **2л.** ти немаш | **2л.** вие немате |
| **3л.** тој нема<br>таа нема<br>тоа нема | **3л.** тие немаат |



# ЧИТАМЕ / РАЗГОВАРАМЕ

Јана, Берна, Арбен, Ердал, Милош, Амина се вратија од прошетка. Се одмораат дома со чаша мешан чај од нане, камилица и мајчина душица. Мирисот се чувствува во целата соба. Јана го отвори својот лаптоп и ги отвори нивните фотографии од истото место кое го посетија денес, но во други годишни времиња. Воодушевените деца трепкаат гледајќи во екранот на лаптопот.

Еве што видоа тие во лаптопот:



## Фотографија 1

Патеката е покриена со снег. Никој не оди по неа. Дрвјата се со убав мек снег на голите гранки. Нема птици, нема животни, инсекти и растенија. Бело поле без една црна точка. Бело е, дури очите болат кога гледаш. Сонцето со блага светлина паѓа врз белината.

– Оваа фотографија е од минатата зима.
Колку е убава, леле колку е убава! – вели Берна.

Сите се согласуваат со насмевка.

## Фотографија 2

На друга фотографија радосните деца се наоѓаат на истото поле. Зелено е сè. Зелени дрвја, зелено поле. Во полето, еден дедо пасе кози. Околу нив нема ништо. Над нив сино небо, по некој бел облак. Сонцето грее.

– И оваа фотографија е многу убава, нели? – вели Арбен.

Сите потврдуваат со главата.

## Фотографија 3

На последната фотографија децата гледаат земјена патека што е празна. Прашлива сува патека, а покрај неа зелени дрвја. Разнобојни птици на гранките. Летна песна се слуша секаде. Се гледа жешко сонце на небото. Синото небо нема облаци.

– Оваа летна фотографија е, исто така, убава – вели Јана.

Сите се согласуваат, иако никој не вели ништо.

## РАЗГОВАРАМЕ

- За секој дел од прочитаното, природата е различна. Одговори која фотографија на кое годишно време се однесува!
- Каква е природата во која се спомнува снег?
- Каква е природата во која се спомнува зеленило и кози? Што прочита таму?
- Што гледаат децата на последната фотографија?

## РЕЧНИК

птица, птици
животно, животни
растение, растенија
фотографија, фотографии
дрво, дрва, дрвја
над, под, околу

## ПРИМЕРИ

- Мајка ми има многу растенија во дневната соба.
- Јас немам ниту едно растение дома. Ги сакам животните.
- Една птица лета на небото.
- Под дрвјата има зелена трева.
- Околу нас има многу убава природа.





## РАЗГОВАРАМЕ

- Што ни кажуваат зборовите: бело, зелен, син, радосен, црна, разнобојни, земјена, жешко?
- Дали сите овие зборови имаат некаква заедничка задача во зборувањето?

### Потсетување за придавките

Зборовите: бело, зелен, син, радосен... **именуваат карактеристики на именки и се викаат придавки.** Тие се неопходни за да можеме да опишуваме и да раскажуваме убаво.

### Вежба 1

За зборовите од речникот (птица, птици; животно, животни; растение, растенија; фотографија, фотографии) состави реченици во кои ќе напишеш соодветни придавки!

Пример: Шарената птица лета.
На масата има убава фотографија.

.................................................................

.................................................................

.................................................................

.................................................................

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

- Придавките се зборови со кои се именуваат карактеристиките на предметите, суштествата и појавите. Примери: мало маче, жолта блуза, дрвен стол.
- Својата смисла, придавките ја добиваат кога се до именките. Сите карактеристики кои ги имаат именките се поврзуваат со придавките со кои се едни до други: род, број, определеност.
- Именката секогаш има еден род (книга – женски род), додека придавката има форма за секој род во еднина и посебна форма за множина. Примери: добар – машки род, добра – женски род, добро – среден род, добри – множина.

## Вежба 1

Каква е природата во местото каде што живееш? Опиши ја!

За да го напишеш описот полесно, потсети се и напиши дел од придавките кои ги прочита во текстовите од лекцијава! Тие нека ти помогнат да напишеш убав опис!







## ЧИТАМЕ / РАЗГОВАРАМЕ

...Еве ме и мене пак – Дарко Новинарко – вашиот редовен известувач на новостите од ЗОО-паркот! И јас, како и вие, **на заслужен летен одмор бев**. Ама, за „жив грев“... Наместо на плажа крај некое езеро или на море, **кампував на една полјанка, на планина, и тоа под самиот нејзин врв најгоре! Мама и тато, без да ме прашаат, сами си се имаа договорено.** Инаку, такво нешто досега никогаш немаа сторено!

И така, сакал-нејќел, се најдов во вистински ЗОО-парк, и тоа – на отворено! Ама, искрено да ви кажам за тоа што се случи така, сега ама ич не ми е мака! **Зашто јас сум вљубеник во природата, а планините – посебно си ги сакам!**

Киро Донев

(Извадок од книгата „Дарко во ЗОО-паркот“, *Македоника литера*, 2019)

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде кампува Дарко?
- Дали мајка му и татко му го прашале дали сака да оди на кампување?
- Во што е вљубеник Дарко?

### Престој во природа

Дали знаеш што ти е потребно за кампување?

Еве неколку предлози, а потоа ти дополни: шатор, вреќа за спиење, батериска ламба, запалка, храна.







## Што мислиш, зошто луѓето одат на кампување?

Извадок од текстот „*Кони оди на кампување*“

Таткото се чудеше. Како може да го стави сиот овој багаж во автомобилот? Конечно, успеа. Почна патувањето кон морето. Кони од возбуда се тркалаше по седиштето лево-десно. Нејзиниот братучед Михаел постојано прашуваше дали веќе пристигнале. Постојано ѕиркаше низ стаклото. Кој прв ќе го види морето? „Водата стигнува дури до небото“, се чудеше Кони. Пред кампот имаше една рампа пред која мораа да запрат. Додека мајката ја пополнуваше пријавата, вработениот раскажуваше за детскиот шатор, игралиштата, возењата со кочија и за јавањето пони. Тие добија мапа со ознака каде има слободни места за кампување. Така си најдоа едно прекрасно место за нивниот одмор тука. Таткото од автомобилот го распакува шаторот. Михаел зема во раката една мала вреќа: „Овде ќе ги ставиме рибите!“ Таткото се насмеа: „Мислиш харингите!“ Тој го прицврсти подот на шаторот. Мајката ги стави држачите, додека таткото ја распакуваше стреата. Во меѓувреме, Михаел и Кони ги пумпаа душеците.

Лијане Шнајдер

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој патува?
- Каде одат Кони и нејзиното семејство?
- Што прави таткото по пристигнувањето?
- Што прави мајката?
- Што прават Кони и Михаел?





## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Глаголите се зборови што означуваат **дејства** или **состојби.**

Примери: оди, лета, шета, пее, учи, јаде, сака...

Глаголите означуваат дејства што се случуваат во одредено **време**, **лице** и **број**.

Да ги споредиме следниве реченици:

1. Чита книга.

2. Прочита книга.

Која е разликата меѓу чита и прочита?

Чита е глагол кој изразува **дејство кое не е завршено.**

Прочита е глагол кој изразува **завршено дејство.**

Преку примерите, може да ја согледаме категоријата **ВИД** кај глаголот.

Според глаголскиот вид, глаголите може да бидат од **несвршен** (глаголи чие дејство не е завршено) и од **свршен** вид (глаголи чие дејство е завршено).

### ДА ЗАПОМНИМЕ:

**КАТЕГОРИЈАТА ВИД НЕ Е ЕДНАКВА НА КАТЕГОРИЈАТА ВРЕМЕ.**

Глаголот чита во минато време во 1л. еднина е читав. Сепак, глаголот чита е несвршен, а времето кое е изразено во примерот е пред моментот на зборувањето – минато определено време.

Пример од текстот: чудеше, 3л. еднина од глаголот чуди, несвршен глагол.

## Вежба 1

Во краткиот извадок од текстот „Кони оди на кампување“, потцртај ги сите глаголи и потоа препиши ги на линиите! За секој глагол што ќе го препознаеш, напиши дали е од свршен или од несвршен вид!

Глаголи:

..................................................................................................................

..................................................................................................................

..................................................................................................................

..................................................................................................................

Глаголи од несвршен вид се:

..................................................................................................................

..................................................................................................................

Глаголи од свршен вид се:

..................................................................................................................

..................................................................................................................

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

### МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО НЕСВРШЕНО И СВРШЕНО ВРЕМЕ

Минато определено несвршено време искажува **минати засведочени дејства во одвивање, во траење**. На глаголите од несвршен вид се додаваат следниве наставки:

**-в, -ше, -ше** (еднина);

**-вме, -вте, -а** (множина).

Примери од текстот: чудеше, ѕиркаше, пополнуваше.

Минато определено свршено време изразува **дејства кое се заокружени и засведочени во еден дел од минатото**. На глаголите од свршен вид се додаваат наставките:

**-в, -/, -/** (еднина);

**-вме, -вте, -а/-ја** (множина).





## Зимски радости

Јас вчера се лизгав по улицата цело попладне. Многу беше забавно. Потоа, игравме со Јана, Берна, Арбен, Ердал, Милош, Амина. Си поминавме многу убаво.

Правевме снешко. Беше студено и нашите прсти се смрзнуваа, но ние бевме радосни.

Направивме и замок. Замокот го изградивме низок, но многу убав. Потоа, отидовме подалеку од нашата улица.

Патеката од градот кон ливадата беше најубавото место за игра.

Си игравме два часа. Ова беше прекрасен зимски ден! Ова беше ден со зимски радости!

### РАЗГОВАРАМЕ

- Кои деца биле на улицата вчера?
- Како си поминале?
- Што правеле?
- Што изградиле?

### ПРИМЕРИ

- Радосни деца стоеја на прагот.
- Студена беше зимата.
- Замокот е низок, ама убав.
- Ми смрзнаа прстите.
- Имавме забавно попладне.

### Споредуваме

Кажи како се вели на твојот мајчин јазик:
Зимски радости секој ден!

### РЕЧНИК

студен, студена, студено, студени
радосен, радосна, радосно, радосни
низок, ниска, ниско, ниски
зимски, зимска, зимско, зимски
прст, прсти
смрзнува, смрзнувам, смрзнуваш
смрзнував, смрзнуваше
ливада, ливади
замок, замоци
забавен, забавна, забавно, забавни
попладне, подалеку

Вежба 1

Напиши ги сите глаголи од текстот!

## МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО НЕСВРШЕНО ВРЕМЕ

| еднина | множина |
|---|---|
| **1л.** играв | **1л.** игравме |
| **2л.** играше | **2л.** игравте |
| **3л.** играше | **3л.** играа |

| еднина | множина |
|---|---|
| **1л.** правев | **1л.** правевме |
| **2л.** правеше | **2л.** правевте |
| **3л.** правеше | **3л.** правеа |

## МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО СВРШЕНО ВРЕМЕ

| еднина | множина |
|---|---|
| **1л.** поминав | **1л.** поминавме |
| **2л.** помина | **2л.** поминавте |
| **3л.** помина | **3л.** поминаа |

| еднина | множина |
|---|---|
| **1л.** изградив | **1л.** изградивме |
| **2л.** изгради | **2л.** изградивте |
| **3л.** изгради | **3л.** изградија |

## Глаголот СУМ

### ВО МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО НЕСВРШЕНО ВРЕМЕ

| еднина | множина |
|---|---|
| **1л.** бев | **1л.** бевме |
| **2л.** беше | **2л.** бевте |
| **3л.** беше | **3л.** беа |

Вежба 2

Напиши пет реченици употребувајќи го глаголот сум во минато определено несвршено време!

Пример: Тие беа забавни.

## Вежба 3

Опиши некое твое доживување на снег! Користи ги зборовите: снег, снежни топки, студено, мава, се смее, се лизна, игра, прави, изгради!

## Вежба 4

Пронајди ги следниве зборовите во крстозборот: зимски радости, снег, смрзнато, замок, забавно попладне, снегулка, зима!

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| л | к | о | н | ј | з | а | м | о | к | д | р | т |
| к | ј | н | в | ѕ | и | б | д | ѕ | б | ц | ѕ | к |
| з | и | м | с | к | и | р | а | д | о | с | т | и |
| а | з | џ | ц | б | н | н | л | к | ј | х | г | ф |
| м | љ | њ | е | р | т | ѕ | у | и | о | п | п | н |
| о | | с | м | р | з | н | а | т | о | | з | |
| к | н | ф | г | ј | к | и | к | м | т | г | и | б |
| д | с | н | е | г | у | л | к | а | г | к | м | ф |
| х | к | л | к | а | о | с | н | е | г | ф | а | м |
| у | и | п | о | п | л | а | д | н | е | р | х | м |
| з | а | б | а | в | н | о | | | | | | |
| п | о | п | л | а | д | е | | | | | | |
| ј | к | л | о | п | о | ф | | | | | | |



# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ЈАСНА ГО ЗАСАКА СНЕГОТ

Јасна не сакаше зима. Не сакаше студ, не сакаше снег. Сакаше лето и море. Сакаше сонце и цвеќенца и зелена трева. Но снег, никако!

Додека сите на училиште му се радуваа на снегот, Јасна се туткаше и се криеше. Се плашеше од снежни топки кои долетуваа од сите страни. Мразеше замрзнати улици и тротоари. Кога се замрзнати, не можеш да претрчаш до училиште ако доцниш, туку се движиш мошне бавно и внимаваш да не паднеш.

А ако забрзаш и паднеш... Ау, колку боли!

И тоа не е сѐ! Кога ќе почне да се топи снегот, улиците и тротоарите стануваат како каша. Па потоа, ако влезеш дома и заборавиш веднаш да ги собуеш чизмите, ќе направиш неред и мама ќе те искара.

Да, Јасна баш не сакаше зима.

Но, оваа зима се случи нешто сосема неочекувано...

„Станувај, мрзливке!“, викна тато и ширум ги отвори завесите. „Треба да одиме.“

„Да одиме? Каде?“, сонливо праша Јасна и ги протри очите. „Што ли му стана на тато, па распуст е?! Не мора да се оди никаде.“

„Одиме на планина, на снег!“

„Планина? Снег?“, Јасна не можеше да си дојде на себе.

„Нeee, тато! Не сакам. Не сакам ни планина ни снег. Толку е студено таму...“

„Нема дискусија!“, се подналути тато. „Секојпат се жалиш дека ти е студено и ти попуштам, но овој пат нема. Мора да излезеш на чист воздух. Само така ќе бидеш здрава. Отсега одиме на планина, без разлика дали е зима или лето.“

Тато беше од оние кои постојано зборуваа за здрав живот и одеа по планини. Ох, колку здодевно! Но, овој пат не попушти и... отидоа!

„Бррр, студиии!“, се пожали Јасна кога излезе од автомобилот. Но, тато изгледа не ја слушна. Го отвори багажникот и од него извади... една џиновска санка!

„Види што сум купил!“, се смешкаше тато. „Ќе се санкаме заедно. Знаеш како ќе летнеме надолу по она ритче онде? Многу ќе биде убаво.“

„Ау, тато, не“, се противеше Јасна. „Мене ми е страв. Многу е опасно така да се лета надолу.“

„Хи-хи-хи, страшливке“, се изнасмеа тато. „Нема ништо опасно, јас сум со тебе, ќе те чувам.“





Седнаа на санката, на врвот од ридот. Тато назад, а Јасна пред него, заштитена со неговите раце кои управуваа со санката.

„Спремна?“, праша тато.

На Јасна срцето ѝ тропаше во градите како да ќе излета.

„Не, чекај малкууу...!“, Јасна не успеа да ја докаже реченицата. Тато се поттурна со нозете и санката летна надолу по ридот!

„Аааааа!“, исплашено писна Јасна. Санката се лизгаше по снегот со огромна брзина или барем така си мислеше Јасна. Првин ги држеше силно затворени очите, но некој миг подоцна ги отвори. Еј, па ова и не беше толку страшно...

Поминуваа покрај високи ели, натежнати од снег. Ветрот им дуваше во лицата, но тоа и не беше толку лошо. Да, беше студен, но беше и пријатно. Мали, нежни снегулки ѝ ги допираа образчињата. А срценцето, иако сѐ уште чукаше силно, беше и возбудено. Тоа не беше страв, туку едно убаво чувство на возбуда, па дури и радост.

Кога санката полека запре во подножјето на ридот, Јасна беше вистински среќна.

Леле, колку било убаво санкањето! А и снегот не бил ни лош ни страшен.

Тато ја погледна и се насмевна. „Одиме пак?“, праша.

„Одиме! И втор пат, и трет пат, и четврти... сѐ додека не се стемни!“, одговори Јасна и се затрча нагоре по ридот.

Авторка: Билјана С. Црвенковска

ЈАСНА ГО ЗАСАКА СНЕГОТ

## РАЗГОВАРАМЕ

- За кое годишно време станува збор во текстот?
- Што сака Јасна?
- Што не сака Јасна?
- Што се случува еден ден?
- Што купил таткото на Јасна?
- Што се случува кога Јасна се санка со татко ѝ?
- Како се чувствува таа?

**Задача 1**

Текстот слушни го / прочитај го неколку пати! Зборовите што не ги знаеш запиши ги во тетратката! Потоа, со соучениците поделете се во групи! Споредете ги зборовите меѓу себе! Размислете што може да значат во реченицата од која ги запишавте! Потоа, ротирајте низ групите! На крај, направете еден голем постер со наслов РЕЧНИК и поставете го на видливо место, додека не ги научите новите зборови!

## Споредуваме

Кажи како на твојот мајчин јазик се вели:
Снегот е најголема радост за децата!

## Задача 2

Нацртај мал стрип според речениците кои се однесуваат на Јасна и нејзиното доживување на снегот!

1. Јасна не го сака снегот во градот.
2. Таткото на Јасна ја тера да се подготви за патување.
3. Јасна за првпат е на санка.
4. Јасна е среќна.

Во стрипот можеш да напишеш реченици, дијалози меѓу Јасна и татко ѝ!

## Вежба 1

Прочитај го текстот уште еднаш и напиши ги глаголите кои не се споменати погоре! Потоа, направи реченици со нив!



**Потсетување на јазичните правила за глаголите и категоријата вид**

Според глаголскиот вид, глаголите може да бидат од **несвршен** (глаголи чие дејство не е завршено) и **свршен вид** (глаголи чие дејство е завршено).

Во текстот „Јасна го засака снегот“ ги има следните глаголи: отвори, смешкаше, праша, направи, противеше, дуваше, допираа, долетуваа, претрчаш. Некои од наброените глаголи се несвршени, а некои се свршени по вид. Сите се во минато време.

Подолу, овие глаголи се ставени во нивниот свршен и несвршен вид:

отвора : отвори;

се смее : се насмеа;

прашува : праша;

прави : направи;

се противи : се спротивстави;

дува : издува;

допира : допре;

лета : долета;

трча : претрча.





## Новата година е за сите

Први јануари – прв ден од првиот месец во новата година. И прва сабота. По највеселата ноќ во годината, сите се одмораат. Никој не оди на работа.

Во ова прво новогодишно утро, Филипа прва се разбуди. И прва стана од постела. Се изми, се исчешла и влезе во дневната соба. А таму – трпезата пренатрупана со најразлична празнична храна!

– Леле! – зачудено си рече. – Јадевме и пиевме цела вечер, а како ништо да не сме чепнале?! Еве, сè си стои!

И почна да брои: јаболка, круши, портокали, банани, мандарини, киви, леблебија, кикирики, суви сливи... И печено месо, колачиња, пита...

Гледаше, броеше, ама не пружи рака. Ништо не зеде – беше сита! Само прошета со погледот по трпезата и го отвори прозорецот. Се загледа во дворот. А таму, меѓу гранките на брезата и борот, неколку врапчиња потскокнуваа и цивкаа...

– Среќна Нова година, Филипа! – како да ѝ викаа.

– И вам! И вам! – им врати таа. – Гладни сте, знам!

И се врати кај трпезата. Зеде чинија и ја наполни со разни трошки. Им стави и по едно од сите овошја.

И ене, гозбата на нејзините крилести пријатели сè уште трае. Новата година е за сите. Нека се знае!

Киро Донев

(„Приказни од куќичката на дрво“, *Македоника литера*, 2013)

## РЕЧНИК

стана, станав, стана.
одмора, одморав, одмораше.
највесел, највесела, највесело, највесели.
новогодишен, новогодишна, новогодишно, новогодишни.
постела, постели.
трпеза, трпези.
гозба, гозби.
пријател, пријатели.
чинија, чинии.
трошка, трошки.

## ПРИМЕРИ

- Се одморав цел распуст.
- Имам топла постела.
- Новогодишната ноќ е секогаш весела.
- Пријателите се највесели на трпеза.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде е Филипа?
- Кој ден од годината е?
- Што прави таа толку рано?
- Што забележува надвор?
- Какво е времето надвор?
- Филипа подготвува мала гозба. За кого е таа гозба?

### Вежба 1

Пополнете ја табелата според барањата!

| Именки (род и број) | Придавки (род и број) | Глаголи (лице, број, време) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |







## Новогодишни честитки

Новата година е време кога си честитаме и си пожелуваме сè најдобро.

*Среќна Нова година!*

*Ти посакувам здравје, среќа и многу петки во училиште!*
*Потпис* ..............................

*Среќна Нова година, многу успеси во кариерата!*
*Ви посакува* ..............................

*Среќна Нова година, безгрижно детство, смеа и весели денови!*
*Ти посакува* ..............................

**Споредуваме**

Кажи како на твојот мајчин јазик се вели: Среќна Нова година и сè најубаво во неа!

## РАЗГОВАРАМЕ

Тема за дискусија – ХУМАНОСТ

*И се врати кај трпезата. Зеде чинија и ја наполни со разни трошки. Им стави и по едно од сите овошја.*

*И ене, гозбата на нејзините крилести пријатели сè уште трае. Новата година е за сите. Нека се знае!*

Во дискусијата, можеби ќе ти помогнат следниве прашања:

- Кому му треба помош во зима, кога е студено?
- На кои птици и животни им треба помош?
- Дали ти помагаш? Како?
- Имаш ли идеја како понатаму би можел да помагаш?

Заклучокот запиши го на линиите!

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

## ПАЗАР

Македонската природа е многу дарежлива. Не постои крај во Македонија каде што нема некакво интересно растение, овошје или зеленчук околу кој има приказни за тоа како расте и како се одгледува. Сите прекрасни плодови се носат на македонските пазари за да се продаваат и да се јадат.

Што се носи и што се продава на македонските пазари?



Праски од Росоман.

Јаболка од Ресен.

Грав од Тетово.

Костени од Скопска Црна Гора.

Компири од Крива Паланка.

Ориз од Кочани.

Кромид од Бучин.

Пиперки од Струмица.

Покрај овошје и зеленчук, на македонските пазари се носат и млечни производи, на пример, беровско сирење или боров мед.





## Вежба 1

Наброј ги сите овошја и зеленчуци кои знаеш да ги кажеш на македонски јазик! Употреби ги во еднина, множина и опиши ги со една придавка! За да можеш потоа да ја користиш и како потсетник во зборувањето, направи табела со три колони и пополни ја!

| Именка во еднина | Именка во множина | Придавка |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

## Вежба 2

Што знаеш за македонските зеленчуци кои беа претставени погоре? Истражи за секој од нив и напиши по нешто посебно.

На пример:

Праска – тркалезна, жолто-црвена, блага, малку калории.

Грав – зрнест плод, бел по боја, се вари.







# ОБРОЦИ И ПРИБОР ЗА ЈАДЕЊЕ

## Гости

Јана денес помага дома. Подготвуваат ручек за десетмина гости. Јана и нејзините родители се радуваат бидејќи е многу убаво да се има гости.

Куќата е средена и подготвена. Во дневната соба нема алишта и списанија. Во ходникот нема патики. Во кујната, на фрижидерот, има список со задачи за сите по дома.

Мама и тато се одговорни за пазарењето.

Јана треба да ја постави масата: чаршав, чинии, лажици, ножеви, чаши.

Потоа, мама готви, а тато ги мие и ги сецка некои од зеленчуците.

Тенџерињата се полнат. Мириса на месо, на супа, на печен зеленчук, на сарми, на ќофтиња.

Мириса на вкусна храна.

„Многу е убаво да се чекаат гости“, – си мисли Јана, додека родителите брзаат да завршат сè.

### РЕЧНИК

ручек, ручеци
кујна, кујни
фрижидер, фрижидери
список, списоци
готви, готвам, готвиш
мие, мијам, миеш
сецка, сецкам, сецкаш
печен, печена, печено, печени.
тенџере, тенџериња
лажица, лажици
виљушка, виљушки
нож, ножеви

### ПРИМЕРИ

- Мијам зеленчук, сецкам и варам во тенџере.
- Тој сака да готви.
- Да купиме нов прибор: лажици, виљушки и ножеви.

### РАЗГОВАРАМЕ

- Што се случува кај Јана дома?
- Каде е списокот со задачи за секого?
- Што треба да направи Јана?
- За што се одговорни мајката и таткото на Јана?
- На што мириса кај Јана?



## Вежба 1

Сакам/не сакам

Напиши X кај храната која не ја сакаш или √ кај храната или пијалакот што го сакаш. Потоа, направи реченици користејќи ги фразите: сакам/не сакам и прилозите: многу, малку.

На пример: Многу сакам јаболко. – Сакам спанаќ, ама малку.

| | |
|---|---|
| Чај | Спанаќ |
| Млеко | Ќофте |
| Сок од портокал | Сарма |
| Лимонада | Ориз |
| Кефир | Кашкавал |
| Смути | Шпагети |
| Јаболко | Пица |

## Вежба 2

Прочитај го дијалогот и потоа направи свој на истиот начин!

**А:** Здраво! Како си?
**Б:** Добро сум, одам да си купам јадење.
**А:** Каде има дуќан за купување готова храна?
**Б:** Веднаш зад аголот.
**А:** Што сакаш да јадеш?
**Б:** Сакам да јадам ќофте и компири. Тоа го има денес во оној дуќан за готови јадења.
**А:** Што сакаш да пиеш?
**Б:** Веројатно, лимонада. Ти, што сакаш да јадеш?
**А:** Полнети пиперки, ммммм.
**Б:** А што ќе се напиеш?
**А:** Па, јас сакам сок од праска.
**Б:** Тогаш, ајде да одиме!

## Вежба 3

Замисли дека имаш свој ресторан и си готвач! Направи мени на денот за во ресторанот!

Напиши го името на јадењето, а во заграда состојките! Направи посебно мени за оброци, за десерти и за пијалаци!

**МЕНИ**





## Вежба 3

На празната маса подолу нацртај го и обележи го приборот!



## Вежба 4

Користејќи ја фразата: Во .................................................. (местото според картата) традиционално се јаде .................................................. (прикажаната храна), напиши го местото и јадењето карактеристично за тоа место.



## ОБРОЦИ

Оброците во нашата култура се јадат во одредени делови од денот: наутро – појадок, попладне имаме ручек и во вечерните часови вечера.

Што вообичаено се јаде во Македонија за секој оброк?

Појадок: бурек, ѓеврек, пржени лепчиња со јајце, тост, путер и лепче, житарици, омлет и зеленчук, смути.

Ручек: салати, месо, риба, зеленчук или традиционални манџи: грав, грашок, леќа, боранија, тава ориз, печен компир, но и секаков вид тестенини, макарони, шпагети.

Вечера: од месо и зеленчук, до лепче со путер...



**Напиши што јадеш ти за различните оброци (појадок, ручек, вечера) во денот!**

| ПОЈАДОК | РУЧЕК | ВЕЧЕРА |
|---|---|---|
| | | |

## Вежба 4

Поврзи ги деловите од речениците за да имаат смисла!

| | |
|---|---|
| Појадокот се јаде | лажици, виљушки, ножиња. |
| Прибор за јадење: | се десерти. |
| Главни оброци се: | наутро. |
| Торта, колачи, баклава | гравче-тавче, турли-тава, ајвар. |
| Традиционални јадења се: | појадок, ручек, вечера. |

# Појадок



ТЕМА 4

# ГРАД /СЕЛО





## Игра во бостанот

Марија, Мартин и Бојан дојдоа на гости во селото.

– Каде е дедо Грујо? – прашаа.

– На бостан – им рекоа.

Правец кон бостанот во полето.

Кога се видоа со дедото, се испрегрнаа, се развеселија. А тој веднаш:

– Одберете си ги најубавите лубеници!

Децата почнаа да трчаат низ бостанот.

– Јас ја сакам оваа, шарената! – рече Марија.

– Моја ќе биде онаа со темна кора! – извика Мартин.

– Јас ќе ја изберам зелената! – се затрча Бојан.

Дедо Грујо им ги расече лубениците на две половини.

– Јадете, мили мои! – им рече. – А потоа, од корите ќе ви направам маски.

Тројцата беа пресреќни кога на лицето имаа маски од лубеница: МАрија – шарена, МАртин – темна и Бојан – зелена. Трчаа околу бостанот, играа, се гонеа.

Горјан Петревски
(„Рано дојде љубовта“)

## РЕЧНИК

прегрне, прегрнам, прегрнеш
развесели, развеселам, развеселиш
виде, видов, виде
темен, темна, темно, темни

### Вежба 1

**Обележи со точно/неточно!**

Марија, Мартин и Бојан дојдоа на гости во градот.

Децата отидоа на бостан.

Марија сака шарена лубеница.

Бојан сака зелена лубеница.

Дедото не сака да им направи маски.

### Вежба 2

**Дополни за да биде реченицата целосна!**

Децата почнаа да трчаат низ ........................ околу бостанот, играа, се гонеа. Дедо Грујо им ги расече ........................ на две половини.

## Тема за дискусија:

- Што го прави селото убаво место за живеење?
- Што го прави градот убаво место за живеење?

### Град е...

Ако некое населено место има повеќе од 3 000 жители, ако има големи станбени објекти за домување, големи улици, институции, музеи, театри, тогаш станува збор за град.



### Село е...

Село е населено место во кое преовладува една дејност, како: земјоделство (сите гранки), сточарство и слично. Во селото може да има помали институции, канцеларии на општината, училиште.







## Мојот град

Милица живее во Куманово. Нејзината зграда се наоѓа на една главна крстосница. Два булевара се сретнуваат околу нејзината зграда.

До петто одделение, Милица не одеше сама во училиште бидејќи има многу сообраќај и тешко ги поминуваше улиците.

Во делот од градот каде што живее Милица има едно основно и едно средно училиште. Исто така, има трговски центар, зелен пазар, цветен пазар и голем паркинг.

Паркот е оддалечен од нејзината зграда повеќе од пет километри.

Она што Милица го сака во своето место на живеење е дека во нејзината зграда има десет деца со кои секојдневно игра надвор во тревникот.

### РЕЧНИК

зграда, згради
крстосница, крстосници
булевар, булевари
сообраќај
тревник, тревници
паркинг, паркинзи
трговски центар, трговски центри

### ПРИМЕРИ

- Има малку тревници во мојот град.
- Широките булевари се многу убави.
- Во градот има многу сообраќај.
- Паркингот пред мојата зграда е голем.

### Споредуваме

Кажи како на твојот мајчин јазик се вели: Го обожавам мојот град!



### РАЗГОВАРАМЕ

- Каде живее Милица?
- Што има околу нејзината зграда?
- Зошто Милица не одела сама на училиште?
- Во делот од градот каде што живее Милица има повеќе работи, наброј ги!
- Зошто Милица го сака своето место на живеење?

## Вежба 1

До секое тврдење стави Г или С, во зависност од тоа дали реченицата се однесува на село или на град!

Има височокатници и големи улици.

Има само куќи и околу нив дворови и бавчи за одгледување зеленчук.

Три булевара поминуваат низ центарот.

Овоштарниците се големи и полни се со јаболка, круши и друго овошје.

Сите живеат во куќи, помали или поголеми.

## Задача 1

Каде живееш ти? Направи лична карта на твоето место/општина/село или град!



## Општина

Општината е заедница на населението на одредено место.

Општината се наоѓа во општинска зграда.

Во општината има луѓе кои се одговорни за различни работи: урбанизам, економија, комунални проблеми, хигиена, струја, вода, смет, но и културен и спортски живот во општината.

- Како се вика твојата општина?
- Дали знаеш како се вика човекот и професијата одговорна за една општина?

## РЕЧНИК

општина, општини
заедница, заедници
население
место, места

## Задача 2

Опиши како сакаш да изгледа твојата општина!





# НЕКОИ ОБЈЕКТИ И ИНСТИТУЦИИ ВО ГРАДОВИТЕ

## Театар

Дали во твоето место има театар?

Колку е голем?

Колку претстави има што се играат сега во него?

Го знаеш ли репертоарот?

Ако во твоето место има театар, нацртај го и опиши го!

## Музеј

Дали во твоето место има музеј?

Каков музеј е тоа?

Што е изложено?

### Трговски центар

Друштвото сочинето од Јана, Берна, Арбен, Али, Ердал, Милош, Амина се во трговскиот центар во нивната општина. Стојат пред влезот и се договараат каде ќе одат најпрво.

– Ајде да одиме да го видиме попустот на чевли! – вели Амина.

– Како не! Ајде прво да ги видиме новите патики, има и нови брендови! – вели Ердал.

– Јас сакам да го видам новиот превод на „Господарот на прстените“, книжарницата е на вториот кат.

– А да видиме што се прикажува во киното од 17 часот! – предлага Јана.

– Не може сè одеднаш, ајде едно по едно – вели Али.

Така, прво одат во книжарницата, потоа купуваат билети за кино. Им останува еден час за шетање по продавници и гледање чевли, патики, облека.

Али се смешка бидејќи со добар распоред сите се среќни.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде е денес друштвото сочинето од Јана, Берна, Арбен, Али, Ердал, Милош, Амина?
- Што прават на почетокот на текстот?
- Кој прв дава предлог?
- На што се однесува предлогот?
- Кој се согласува?
- Дали има и други предлози?
- Кој друг дава предлози?
- За каде се однесуваат другите предлози?
- Како се договараат на крај?

## РЕЧНИК

трговски центар, трговски центри
продавница, продавници
бренд, брендови
патика, патики
чевел, чевли
кино, кина
книжарница, книжарници
билет, билети

## ПРИМЕРИ

- Купивме билети за во кино.
- Во книжарницата имаше многу книги.
- Продавниците се полни со луѓе.
- Во спортската продавница има многу брендови на патики.

## Споредуваме

Кажи како се вика на твојот мајчин јазик: Трговските центри се полни како кошници со пчели!







## Кратки дијалози низ дуќани со Јана, Берна, Арбен, Али, Ердал, Милош, Амина.

### Во книжарница

– Добар ден!

– Ја имате ли книгата „Господар на прстените“?

– Да, момче, прва полица лево.

– Благодарам! А колку чини?

– Чини 350 денари.

– Ќе ја купам.

– Повели!

– Благодарам!

**Вежба 1**

Направи дијалози кои се слични на оние кои ги прочита! Може да биде купување облека, чевли, книги... Менувајте се со другарчето во улогите на купувач и продавач!

### Во продавница за спортска облека

– Здраво!

– Здраво!

– Би сакал од овие патики, број 37.

– Во ред, сега ќе проверам. Еве, има, повели!

– Но, овие се во друга боја. Јас сакам портокалови.

– Може да ги видиш овие, слични се.

– Не ми се допаѓаат, премногу се високи.

– Во ред, а дали би сакал да ги пробаш овие?

– Да! Многу се поубави од оние кои ги видов досега.

– Повели, број 37!

– Благодарам! Колку чинат?

– Тие чинат 3 000 денари.

– Благодарам, ќе ги купам, многу ми се допаѓаат!



# TEMA 5





## Култура и историја, знаменитости

Главен град на Република Северна Македонија е градот Скопје. Тој е и најголем град во земјата и воедно претставува административно-политички, стопански, културен и образовно-научен центар. Се наоѓа во северниот дел на државата, поделен е на два дела од реката Вардар. Градот во текот на своето постоење, во зависност од историските прилики, бил именуван со различни имиња, а неговото античкото име е Скупи.

Ова се неговите знаменитости: Старата чаршија, Куршумли ан, Даут-пашин амам, Скопско кале, плоштад Македонија, споменикот Воин на коњ, Порта Македонија, црквата св. Спас, црквата Св. Димитрија, Милениумскиот крст на Водно, Спомен-куќата на Мајка Тереза и друго.

Извор: HTTPS://MACEDONIA-TIMELESS.COM/MAC/GRADOVIREGIONI/GRADOVI/SKOPJE/.
Преземено на: 5.11.2024.

### Задача 1

Во празните простори направи опис на четирите најважни објекти, знаменитости или институции во твоето место на живеење! За секој објект напиши по една реченица!

| | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 3 | 4 |



### Природни убавини

Националниот парк „Маврово“ е основан со закон на Народното собрание на НР Македонија од 19.4.1949 година, со кој шумските предели околу Мавровско Поле се прогласени за Национален парк. Според овој закон, Националниот парк „Маврово“ е формиран „поради особените природни убавини, историското и научното значење на шумите и шумските предели околу Мавровското Поле.“

### Спорт и рекреација

Месноста Горна Ледина (планинска куќичка на дрво) е едно многу атрактивно планинарско и излетничко место до кое се стигнува со поаѓање од месноста Стапаров Мост кај с. Велебрдо или пак од с. Битуше, по обележана патека (која е добро проодна и истата поминува низ борова шума), која патувањето го прави посебно пријатно. Пешачењето е околу 2 часа, а искуството незаборавно.

### Природни ресурси

Подрачјето на НП Маврово се наоѓа во шарпланинската група планини. Според денешните граници, ова подрачје ги зафаќа јужните делови на Шар Планина, дел од масивот Кораб и планината Бистра, кои граничат со реката Радика. Мавровското Езеро го опкружуваат делови на планините Бистра и Шар Планина.

Извор: HTTPS://NPMAVROVO.ORG.MK

## РАЗГОВАРАМЕ

- За кој македонски локалитет станува збор во овој текст?
- Кои информации ги разбра од овој текст?
- Напиши ги на редовите подолу!

......................................................................

......................................................................

......................................................................



# TEMA 6

## Патувања и занимливости – аеродром, воз, меѓународен автобус, возен ред

**Тема за дискусија:**

– Дали сакате да патувате?
– Каде би сакале да патувате?

Јана, Берна, Арбен, Али, Ердал, Милош, Амина се заинтересирани за патувања. Сакаат да патуваат. Еве што е потребно да си направат сопствени планови за патување.

Најпрво треба да знаат каде сакаат да одат, во кој период, каде и со што може да патуваат.

Наставничката им даде формулар кој треба да го пополнат.

Преглед на возни редови за автобуси, возови и авиони

Дестинација, поаѓање и пристигнување

Но, кога друштвото го отвори прегледот на возни редови наиде на овој текст:

### Регистрација

Креирајте свој кориснички профил за побрзо резервирање на автобуски билети!

#### Потребна ви е помош?

Контактирајте нè на нашата е-пошта каде што нашите вработени ќе одговорат на сите ваши прашања.

Пишете ни на: INFOMACII@E-AVTOBUSKA.MK.

### Возен ред

| Време | Место | Превозник | Цена | Повратна |
|---|---|---|---|---|
| 06:00 | СТРУМИЦА | КТД | 650 | 1 250 |
| 06:30 | ШТИП | КТД | 400 | 700 |
| 06:30 | ГОСТИВАР | КТД | 350 | 570 |
| 07:30 | ОХРИД | КТД | 870 | 1450 |
| 00:30 | БИТОЛА | КТД | 470 | 900 |

Откако се регистрираа, го добија овој возен ред и овие информации.

За авионите ги добија само овие информации. Помогнете со тоа што ќе ги прочитате и ќе ги насочите пријателите Јана, Берна, Арбен, Али, Ердал, Милош, Амина.

## ЗАМИНУВАЊА ПРИСТИГНУВАЊА

| Планирано | Очекувано | Лет | Дестинација | Check-in | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 06:20 | 06:20 | W6 4717 | BRUSSELS – CHARLEROI | 16 | КОН ПОРТАТА |
| 06:55 | 06:55 | W6 4727 | MEMMINGEN | 14 | КОН ПОРТАТА |
| 07:25 | 07:25 | W6 4793 | BASEL – MULHOUSE | 13 | КОН ПОРТАТА |
| 08:35 | 08:35 | TK 1004 | ISTANBUL | | |

ПОСЛЕДНО АЖУРИРАЊЕ: **6.11.2024, 5:37**







## ЧЕТКИТЕ НА УЛИЧНИОТ ЧИСТАЧ НА ЧЕВЛИ

Четките на уличниот чистач на чевли
знаат многу приказни,
за секој чевел по една,
кој каде патувал,
каде минал,
кој каде се извалкал,
зошто зинал.

Четките на чистачот на чевли
знаат и безброј фудбалски резултати,
знаат најдобро
кој чевел зафрлен седел,
кој чевел каде газел,
во што се валкал,
врз што се јазел.
Многу, многу нешта знаат
четките на уличниот чистач на чевли.

Васил Пујовски

### Задача

На линиите подолу напиши каде до сега биле твоите чевли!

## ИСТАКНАТИ МАКЕДОНСКИ ПИСАТЕЛИ, МУЗИЧАРИ, УМЕТНИЦИ

***Горјан Петревски*** е роден на 14 јули 1951 година во село Мренога, Демир Хисар. Основно училиште завршил во родното место, а средно образование стекнал во прилепската гимназија. Студирал на Филолошкиот факултет во Скопје, група Јужнословенска книжевност. Десетина години работел како новинар во Македонската телевизија, во програмата за деца, а од 1986 година преоѓа на работа во НИП „Нова Македонија“, каде што работи во забавникот за млади „Наш свет“. Бил и одговорен уредник на списанието „Развигор“, како и одговорен уредник на издавачката дејност во издавачката куќа „Детска радост“. Горјан Петревски е писател со ретка дарба, чии книги (романи и раскази) привлекуваат големо внимание на читателите и побудуваат голем интерес. Најчесто, тое е поради неговата блискост со младите читатели и начинот на кој пишува.

***Симон Трпчевски*** (Скопје, 18.IX.1979) е македонски пијанист и универзитетски професор, еден од најдобрите пијанисти на сите времиња. Дипломирал (2002) и магистрирал (2004) на Факултетот за музичка уметност (ФМУ) во Скопје, во класата на Борис Романов. Од 2002 година е професор на овој факултет. По лауреатството на Светскиот милениумски натпревар во Лондон (2000), реализирал исклучително активна и успешна меѓународна концертна кариера. Настапувал на рецитали и како солист на најреномирани оркестри во Париз, Лондон, Виена, Берлин, Њујорк, Сиднеј, Токио, Хонг Конг и др. Трпчевски поседува феноменална техника, добар вкус и инспиративна имагинација, кои му обезбедуваат врвен квалитет како пијанист. За неговиот талент сведочат многубројните меѓународни успеси, одличните критики и наградите, меѓу кои се: Најуспешен млад уметник (Young Artist Award) на Кралското филхармониско здружение од Лондон (2003) и признанието „Златен дијапазон 2010“ за најдобра концертна изведба на компакт-диск (Париз, 2010), една од најпрестижните награди во светот на класичната музика. Со својата уметност и виртуозност, Симон Трпчевски стана вистински амбасадор на Република Македонија ширум светот. За неговите високи дострели во неговата професионална музичка дејност како врвен пијанист, со што даде огромен придонес во збогатувањето на македонските културни вредности и новната афирмација во светот, претседателот на Република Македонија, Ѓорѓи Иванов, во 2009 година го одликува со Орден за заслуги на Република Македонија.





***Влатко Стефановски,*** македонски рок-, поп- и џез-музичар, основач на „Влатко Стефановски трио“ и еден од основачите на групата „Леб и сол“.

Тој е роден во Прилеп, 24 јануари 1957 година.

Влатко е роден во типично театарско семејство. Неговите родители, како уметници, често патувале, па така набрзо Стефановски се преселил во Скопје, во населбата Тафталиџе. Влатко Стефановски живее со своето семејство, кое го сочинуваат сопругата Гордана (која, за жал, не е повеќе со него), ќерката Ана и синот Јан, во Скопје. Во рамките на неговиот дом, Стефановски го сместил неговото тонско студио „Езотерија“.

### *Леб и сол*

Заедно со Бодан Арсовски, Стефановски членувал во неколку скопски групи, како: ВИС „Јегуље“, „Ирис“ и „Брег“ (групата на легендарниот клавијатурист Мики Петковски). На почетокот на 1976 година, Влатко Стефановски, Бодан Арсовски, Кокан Димушески и Димитар ја оформиле групата „Леб и сол“, во која Стефановски бил гитарист, пејач, композитор и текстописец. За време на дваесетгодишното постоење, групата „Леб и сол“ снимила 12 албуми, една двојна компилација и музика за различни намени: за филмски и театарски претстави и за телевизиски серии. Како член на „Леб и сол“, Стефановски ги создал незаборавните песни: „Нисам твој“, „Таласна дужина“, „Кумова слама“, „Жива рана“, „Кантри“, „Као какао“, „Скопје“, „Чекам кишу“, „Чукни во дрво“.

Извор: HTTPS://RADIOLAKOSTA.MK/ARTIST/VLATKO-STEFANOVSKI/

### Задача 1

Откако ќе ги прочиташ сите информации, издвој по три информации за секој уметник! Напиши ги и претстави ги пред сите во училницата!

Потоа, заеднички изработете постери на кои ќе ги запишете најважните работи за овие уметници!

### Задача 2

Напиши ги сите непознати зборови во тетратка! Истражи и потоа сподели го наученото нивно значење!

Вежба 1

Прочитај ги информациите за најпознатиот македонски документарен филм! Информациите постави ги на паното во училиште!

## Медена земја

01 час, 29 минути

- Актери: Хатиџе Муратова, Хуеисн Сам, Назифе Муратова.
- Режисер: Љубомир Стефанов, Тамара Котевска.
- Жанр: документарен, драма.
- Премиера: 25 јануари 2020 година
- Јазик: македонски.
- Технологија: 2D.
- Оценка: 8.0.
- Дистрибутер: Tris Films.

